# ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

ЕД Планетум се води од визијата за застапување на граѓанскиот интерес во јавните политики за животна средина на национално и меѓународно ниво. Планетум бара здрава и квалитетна животна средина за сите.

Планетум посветено работи на прашања поврзани со отпад, заштита на природните реткости и богатства, зачувување и зголемување на зелените површини и рационално користење на природните ресурси.

За потребите на проектот "Квалитетот на водата од хидроакумулациите во струмичко - радовишкиот регион и нивното влијание врз биодиверзитетот" финасиски поддржан од Министерството за животна средина и просторно планирање, ЕД Планетум објавува оглас за ангажирање на:

**Стручно лице за анализа на резултатите**

**Одговорности на стручното лице за анализа на резултатите**

- Обезбедување на општи податоци за хидроакумулациите Турија, Водоча и Мантово;
- Обезбедување општи информации за параметрите кои се испитуваат со тестирањето на квалитетот на водите од страна на Центарот за јавно здравје;
- Анализирање на резултатите од тестирањето на квалитетот на водите од хидроакумулациите Турија, Водоча, Мантово и донесување одредени заклучоци;
- Редовна комуникација со координаторот и организаторот на проектот и запознавање со текот на реализација на активноста;
- Подготовка на материјал/извештај за реализација на активноста.

**Вештини и квалификации:**

- Да има одредени познавања за водите од хидроакумулациите во регионот и нивниот квалитет
- Да има работено барем на еден проект на анализирање на резултати од оваа област
- Да има способност за планирање, организација и реализација на активности во кратки рокови
- Одлични комуникациски вештини
- Професионален однос кон сите вклучени страни

**Информации поврзани со работниот ангажман:**

- Лицето се очекува да почне со работа најдоцна на 20 Јули до 01 Октомври
- Ангажманот ќе се реализира преку договор за дело
- Краен рок за аплицирање е 14 Јули – 2023 година

**Вашата работна биографија може да ја испратите на planetum@t.mk, да ја пратите по пошта или директно да ја донесете во просториите на ЕД Планетум – ул: 22 декември бб 4-та у.з.**

**Краен рок за аплицирање:** 14 Јули – 2023 година, до 17 часот